**20181943555**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА**

Врз основа на член 57 став (3) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), министерот за информатичко општество и администрација донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И ФОРМАТА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ОБУКА ЗА АДМИНИСТРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за содржината и формата на годишната програма за обука за административно управување („Службен весник на Република Македонија“ број 142/14), членот 2 се менува и гласи:

„Годишната програма за обука за административно управување содржи:

- тема на обука,
- начин на реализација,
- носител на обука,
- целна група и
- финансиски средства.“.

Член 2

Во член 3 во воведната реченица зборовите „може да бидат“ се заменуваат со зборот „се“.

Алинеја 2 се брише.

Член 3

Во член 4 по зборот „спроведува“ двете точки се бришат, а зборовите „преку работилници, советувања, менторство, обука низ работа, презентации од страна на орган на државна власт, домашна високообразовна институција, акредитирана организација, домашни или меѓународни експерти и организации од областа која е тема на обуката“ се заменуваат со зборовите „во Системот за управување со учењето“.

Член 4

Образецот на годишната програма за обука за административно управување се заменува со нов Образец, кој е даден во прилог и е составен дел на овој Правилник.

Член 5

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 12/2-4547/3 | Министер за информатичко |
| 17 октомври 2018 година | општество и администрација, |
| Скопје | **Дамјан Манчевски,** с.р. |

ПРИЛОГ

## Годишна програма за обука за административно управување за _____ година

| р.б. | Тема на обука | Начин на реализација | Носител на обука | Целна група | Финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Општи прописи од административна област | Систем за управување со учење (СУУ/LMS) | МИОА | Административни службеници | МИОА |
| 2 | Управување со јавни финансии | Систем за управување со учење (СУУ/LMS) | МИОА | Административни службеници | МИОА |
| 3 | Управување со проекти | Систем за управување со учење (СУУ/LMS) | МИОА | Административни службеници | МИОА |
| 4 | Кодекс за административни службеници | Систем за управување со учење (СУУ/LMS) | МИОА | Административни службеници | МИОА |